UDK 314.15:711.4(4-672ЕУ)

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА СОВРЕМЕНИОТ ГРАД ВО ЕРА НА ГОЛЕМИ МИГРАЦИОНИ ПРОЦЕСИ

**Драган Стефановски**
доцент и самостоен истражувач
E-mail: draganstefanovski@hotmail.com

**Апстракт**
Почетокот на новиот милениум препознатлив е по фактот дека државите особено од европскиот континент настојуваат да се прилагодат на наметнатите проблеми сврзани со масовните миграции. Економското сиромаштво, војните и присилната миграција, го поттикнуваат процесот на мигрирање, а градовите особено мегалополисите се нивната финална дестинација. Војната во Сирија и глобалната економска криза во 2015 ја поттикнаа европската миграцијска криза. Во овој контекст ЕУ неуспеа во целост да го најде вистинското решение за нивна прераспределба и интеграција во новата средина. Одговорот треба да се бара во моделите на мултикултурализмот, интеркултурализмот и космополитизмот. Енормниот прилив на имигранти е опасност и за промена на социокултурните идентитети пред се на западно развиените општества, каде што се присутни и ксенофобични испади. Промените на демографскиот состав, предизвикан од миграцијата најинтензивно се чувствува во урбаниот простор. Притоа, секоја држава се раководи од политичките одлуки во рамки на националните интереси, кои често наидуваат на негодувања кај меѓународната јавност. Секако, миграционата политика и медиумското покривање, даваат свој придонес на овој план. Секоја поголема миграција, предизвикува културен шок кај домицилното население. Порастот на населението во еден град, особено кога значајно ги надминува капацитетите со себе ги носи и проблемите во урбаниот простор, пазарот на труд, екологијата како и неговото загадување.
**Клучни зборови:** урбан простор, град, космополитизам, интеркултурализам, миграциона политика

# THE CHALLENGES OF THE MODERN CITY IN THE ERA OF MAJOR MIGRATION PROCESSES

**Dragan Stefanovski**
assistant professor, independent researcher

**Abstract**
The beginning of the new millennium is recognizable by the fact that the states, especially from the European continent, endeavor to adapt to the imposed problems associated with mass migrations. Economic poverty, wars and forced

migration encourage the migration process, and cities, especially megalopolises, are their final destination. The war in Syria and the global economic crisis in 2015 spurred the European migrant crisis. In this context, the EU has failed to fully find the right solution for their distribution and integration in the new environment. We should seek for the answer in the models of multiculturalism, interculturalism and cosmopolitanism. The enormous influx of immigrants represents a threat of changing socio-cultural identities primarily to the western developed societies, where xenophobic outbursts are more frequent. Changes in the demographic composition caused by migration are most intensely felt in the urban area. In this context, each state is guided by political decisions within national interests, which often encounter difficulties by the international public. Without doubt, migration policy, as well as media coverage, contribute to this plan. Any major migration causes a cultural shock in the domicile population. The increase of the population in the city, especially when it significantly exceeds the capacities, brings with it problems in the urban area, the labor market, ecology and its pollution.

**Keywords:** urban space, city, cosmopolitanism, interculturalism, migration policy

## Вовед

Последната еволутивна форма на глобалните влијанија ја иницира дебатата за еволуција на урбаното општество и  порастот на градот. Порастот на урбаната цивилизација може да се согледа од различен аспект. Во оваа студија анализата е фокусирана на еволуцијата на урбаниот простор преку демографските процеси како и миграцијата во градот. Феноменот на миграција на населението ќе ја согледаме од аспект на глобална парадигма. Постмодерното општество и современиот град, се соочува со мноштво од предизвици од најразлична сфера.Во овој контекст вниманието го насочувам кон миграционите процеси и нивната рефлексија на урбаниот простор. Современото општество се соочува со високо ниво на миграција поттикната од најразлични мотиви. Мигрирањето од социо-економски причини е само еден од аспектите од широката лепеза на причинско последичната врска на миграциите. Независно дали говориме за глобалните градови, или пак за градовите во услови на глобализација, миграцијата, особено внатрешната миграција на населението претставува секојдневен процес, за разлика од бегалските кризи,зад кои најчесто стојат, поголеми политички кризи, воени жаришта или сериозни еколошки проблеми. Напливот на население во градот, иницира дополнително оптоварување на урбаниот простор, зголемена понуда на пазарот на трудот, детектирање на нов простор за домување што само по себе ја налага потребата од константно ширење на градот, редуцирање на јавниот простор, како и намалување на површините со плодно земјиште. Прашањето на миграциионите движења има сериозна природа, ако се знае дека истите оставаат траен белег на еден град не само во физиономијата на урбаниот простор, туку и во својата демографска компонента. ,, Миграцијата и рапидниот раст на примарните градови, висок природен прираст и концентрација на економски активности во еден

урбан центар поттикнуваат се́ поголеми миграции од руралните средини и помалите градови во правец на примарниот град. Притисокот на урбаните ресурси станува толкав што се́ помали се можностите за вложување во развој на индустријата и земјоделието[1]".

Механичкиот прилив на население предизвикан од внатрешни или надворешни миграциони процеси, сам по себе носи проблеми кои понекогаш се решаваат и во Ôд.

**Градот и миграционите процеси**

Демографската анализа, ни овозможува да ја следиме еволуцијата на градот преку движење на населението. Порастот на населението во еден град во во преден план се должи на процесот на миграција. Еден од базичните аспекти на урбано социолошките студии за еден град и неговиот развој започнуваат со демографска анализа. Во овој контекст пост-социјалистичкиот град поседува сопствени обележја на развој. Внатрешната миграција(село-град), иницира нови прашања во рамките на градот и урбаното општество.

„Процесот на миграција од структурно функционалистичко и аналитичко гледиште е сложен процес на пренесување на вредносни кодови, интеракциски модел на делување, начини на „играње" на улоги и препишани карактеристики на организми (аналитички дефинирани карактеристики на поединецот кој мигрирал), од еден дел на акцискиот простор во друг[2] ".

Главни белези преку кои го анализирам демографското (портфолио) на градот,се промените во наталитетот, морталитетот и миграционите процеси на населението. Во контекст на урбаното општество и градот, демографските промени не смеат да бидат изоставени, имајќи во вид дека истите можат директно да влијаат како на пазарот на трудот и општата социое-економска положба на граѓаните, така и на урбанизацијата, што пред се е сведена на ширење на градот, со еден збор се врши еволуција на урбаниот простор.

„ Модернизацијата на животот со своето позитивно влијание на намалување на стапката на смртност, истовремено придонесува и на голема демографска експлозија, која посебно драстично се одразила на растот на градовите „неразвиените"[3].

очигледно е дека се работи за фактор познат како „одбивање" и „привлекување", што во суштина доведува до своевиден егзодус на мигранти што во подоцнежниот период завршува со градење на нови населби на периферијата на градот, и пренаселеност во централното јадро.

Неминовно е кога зборуваме за миграција да го дефинираме и поимот мигрант. Шо (Shaw) смета дека „миграцијата опфаќа доброволно конечно или полуконечно движење на населението преку административните граници, кога мигрантот ќе одбере едно од алтернативните одредишта. Од друга страна Шарок и Сигел (Shryock i Siegel) мигрантот го дефинираат како „ личност која го менува административно политичкото подрачје на сопственото домување[4]".

[1]Pajvančić Cizelj,A. *Globalni Urbani Procesi stanja,koncepti I alternative,* Mediterran Publishing,Novi Sad,2017,str 56.

[2] Parsons,T. *The Social System,*The Free Press,New York,1964.

[3] Tošković,D.*Urbana Sredina i urbanizacija zemje u razvoju,*Akademska Misao,Beograd,2006,str26.

[4] Shryock,H; Siegel,J., *The Methods and Materials of Demography: Population Distribution, Migration and Development,* United Nations, New York, vol. 2,1973,p 617.

Покрај економскиот и културниот развој на урбаното општество од круцијално значење за урбаната еволуција е планскиот развој на градот и урбаниот простор кој се видоизменува и прилагодува на скоро секое поголемо мигрирање на населението. Во рамките на пазарот на трудот се зголемува понудата на работна сила, што често резултира со зголемена стапка на невработеност. Внатрешната миграција на населението, не го менува демографскиот состав на населението ниту пак културниот модел, единствено ниво на интеграција на населението кое мигрира е во контекстот на урбаната култура и урбаниот начин на живот. Во овој контекст  анализата на миграционите процеси ќе ја надоградам со размислувања сврзани за миграција на населението кое потекнува од други континенти, кои говорат различни јазици и се со различна конфесионална припадност.Ваквиот модел на миграција носи потенцијална опасност пред сé за мултикултурните општества, од механичко менување на демографската структура на жителите на градот. Се доаѓа до демографски инжињеринг и менување на структурата според национална и конфесионална припадност но и според културниот модел на населението во градот.

Не случајно, тука би ја спомнал теоријата за демографската транзиција, која имплицитно содржи критика на Малтусовата теорија. Во неа се вели дека „наместо демографскиот раст да се зголемува додека не дојде до колапс  след ограничувањето кое го наметнува окружувањето, тој на крај сам по себе се смирува.“ Нојтстајн смета дека истите фактори кои доведуваат до раст на популацијата-напредок на науката, индустријализација и модернизација на крај  предизвикуваат враќање на демографска стабилност кога општествата се прилагодат на новостекнатите општествени и технолошки околности“[5].

**Меѓународните организации бегалсаката криза и миграционите процеси во Европа**

Општествената анализа на миграционите процеси во глобалната епоха не би била целосна доколку во истата не се интегрира улогата на меѓународните организации при справувањето со бегалските кризи и миграционите процеси. Во овој контекст ќе го дефинираме поимот бегалец.

„Поимот „бегалец“ се користи во правна смисла и ги опфаќа сите индивидуи кои бараат заштита од повреда на човековите права. Индивидуите со очекување на азил се вклучени во овој поим [6]“.

Разбирливо е што Европската унија ја има диригентската палка при креирањето на плановите за решавање на овој глобален проблем. Во овој контекст Еу своето внимание особено го насочува кон заштита на човековите права и нивна целосна безбедност. Притоа „Сите земји членки се вклучени во партијата на Европската Конвенција на Човекови Права(ЕКЧП) и оттука се предмет на јурисдикција на Европскиот Суд за Човекови Права(ЕСЧП). Европскиот Суд за Човекови Права содржи број на одредби кои се применливи за апликантите за азил,особено водејќи до забрана на принудување на бегалците или барателите на азил да се вратат во земја во која се одговорни за

[5] Pušić,Lj.*Sociologija okruženja.*Mediterran Publishing,Novi Sad,2014,str.184.

[6] Lehmann,J.*What t's After the "Crisis"? Scenarios for EU refugee policy post-2016.* Global Public Policy Institute, Berlin,2016,p.3.

предмет на прогон(принцип на невраќање) На ниво на ЕУ, правата на азилантите се загарантирани во Поглавјето за Фундаменталните Права [7]".

Согледувајќи низа слабости во справувањето со бегалската криза Европската комисија предупредува на низа пропусти кои се детектираат особено на полето на примената на правата за баратели на азил.

германија има повеќедецениска традиција пред се со економските мигранти, процес кој трае од шеесетите години на минатиот век. на овој начин истата ја попнува константната празнина на недостаток од младо, работно способно население. истото се случува и со повеќе европски земји кои се сметаат за „стари нации". од оваа гледна точка не изненадува податокот дека на околу 30 000 бегалци во германија и 20 000 во франција широко им се отворени вратите.

Говорејќи за демографските промени како резултат на процесот миграција на население во рамки на ЕУ, напливот на население како резултат на миграцијата но и бегалската криза, предизвикана од Арапската Пролет и граѓанската војна придонесоа за барање на азил во земјите Членки на Европската Унија. За поблиско доловување за сериозноста и напливот на лица кои бараат азил ќе искористам податоци од Еуростат за бројот на апликации за азил во ЕУ.

| Година | Број на апликации за азил |
|---|---|
| 2008 | 225.150 |
| 2009 | 263.835 |
| 2010 | 259.400 |
| 2011 | 309.040 |
| 2012 | 335.290 |
| 2013 | 431.090 |
| 2014 | 626.960 |
| 2015 | 1.322.825 |
| 2016 | 1.260.910 |
| 2017 | 708.585 |

Табела 1 Број од екстра апликации за азил во-ЕУ по години 2008-2017
Извор :Eurostat

Од податоци преземени од Евро-стат (Eurostat), за период од 2008 до 2017 година се забележува релативна константност на баратели на азил, се́ до периодот 2014-2017 година, посебно карактеристичен по големиот мигрантски бран во 2015 година, кој е и причинител за зголемниот број на апликации за азил. Ваквиот вид на миграција придонесува не само за промена на демографскиот состав, во одредени држави, туку на истите им отвора проблем за интегрирање на културните модели и конфесионална припадност кои се поразлични од своите.

[7] van Ballegooij,W;Navarra,C. *Cost of non-Europe report in the area of asylum policy* ,European Union, Brussels,2018,p5.

| Етничка припадност | Број на лица | Проценти |
|---|---|---|
| Сиријци | 362775 | 29 % |
| Авганистанци | 178230 | 14% |
| Ирачани | 121535 | 10% |
| Косовари | 66885 | 5% |
| Албанци | 65935 | 5% |
| Пакистанци | 46400 | 4% |
| Еритрејци | 33095 | 3% |
| Нигеријци | 29915 | 2% |
| Ирачани | 25360 | 2% |
| Други | 325510 | 26% |
| Вкупно | 1255640 | 100 |

Табела 2 Извор: Eurostat, 2017b

На податоците преземени од Евро-стат прикажана е етничката структура на барателите на азил. Видливо е дека најбројни баратели на азил се државјаните кои доаѓаат од воени жаришта пред се Сирија, Авганистан и Ирак, а од баратели на азил од Европските земји примат го држат државјани на Албанија и Косово. разбирливо е што процесот на миграцијските движења кон земјите на ЕУ, доведува до прилив на младо и работно способно население, кое ќе ја одигра својата улога на пазарот на труд, особено во земјите кои деценијски се водат како земји со стара популација.

**Градот Скопје и процесот на миграција**

Читањето на едена урбана сторија за еден град нуди широки перцепции за неговото општество, културата на живеење како и идентитет на градот. Преку урбаното читање се запознаваме со еволуцијата на просторот како и растот на градот. Градот поседува сопствена „душа“ и „личност“, а идентитетот претставува неговото срце.

Согледувајќи го градот од една демографска перспектива за разлика од трите идентитетски чинови на градот, се обидувам да направам дистинкција на два периода на градот. Првиот кој го опфаќа живеењето на градот до катастрофалниот земјотрес од јули 1963, и вториот, период  по земјотресот, кој сеуште трае. Скопје е град на хетерогеноста, урбан простор во кој едни покрај други живеат македонскиоит народ и припадници на поголем број на етнички групи. Тој е локацијата на која егзистираат културите на десетина етникуми. Видено од демографски аспект во неколку временски периоди детектирани се повеќе внатрешни миграциони движења, пред се́ поттикнати од социо-економски мотиви. Градот почнува особено да се шири по земјотресот, кога фактички одново почнува да го гради својот идентитет.

| Година | Вкупно | Макдонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | други | Не |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 110623 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| 1953 | 148040 | 93671 | 5461 | 25346 | 8554 | 460 | 9446 | / | 5102 | / |
| 1961 | 206320 | 140699 | 15000 | 16905 | / | / | 14486 | / | 19230 | / |
| 1971 | 325024 | 223445 | 31529 | 19406 | 16416 | / | 17631 | / | 16597 | 157 |
| 1981 | 423742 | 292485 | 50461 | 13834 | 23264 | 1248 | 18285 | / | 23998 | 528 |
| 1991 | 401380 | 324340 | / | 8994 | 24629 | 1790 | 17583 | / | 23516 | 935 |
| 1994 | 444760 | 324964 | 57986 | 9249 | 20070 | 2155 | 16256 | / | 13134 | / |
| 2002 | 467257 | 332778 | 71483 | 8549 | 23202 | 2546 | 14251 | / | 7983 | / |

Табела 3 Податоци за демографската структура на населението во СкопјеИзвор:Државен завод за статистика

Скопската урбана реалност креира сложен демографски мозајк, препознатлив по културниот диверзитет. Градот се одликува со својата хуманост како и мултикултурното живеење, трасирајќи ги можностите на интеркултурализмот. Градот кој беше жртва на земјотресот, повторно станува „жртва“ на несразмерно и нефункционално градење што го поттикнува размислувањето дека се нема јасна урбана визија за неговиот развој. Внатрешната миграција наталожува сериозни проблеми за нормално функционирање на градот кои би ги групирал како:

- просторно-архитектонски
- социо-економски и
- загадување и екологија

Видливо е дека за само две децении во периодот од шеесетите до осумдесетите години на минатиот век, Скопје речиси го дуплира своето население. Доаѓа до стихијно на моменти и непланско ширење на градот „никнувајќи“нови населби пред сé на неговата периферија. Свој придонес за наведениот феномен несомнено даде индустријализацијата, која подоцна ќе се види негативно се одразува на загадувањето на просторот. Градот константно е Скопје меѓу најзагадените градови не само во Европа туку и во светот. Можно ли е истото да предизвика миграција, но сега од центарот кон внатрешноста? Несразмерниот прилив на население, село-град, ја зголеми стапката на невработеност, која посебно се почуствува во периодот на транзиција. Миграционите процеси во огромна мера го интензивираа сообраќајот, кој во моментов и покрај сериозните напори и еволуцијата на сообраќајната инфраструктура не поседува доволно простор за изведување на квалитетни решенија, а не соодветните саобраќајни решенија условно го креираат проблемот со аеро загадувањето во градот. Интензивното мигрирање кон Скопје го отвори прашањето на урбаната култура како и начин на живот во урбаниот простор. На моменти го руши еквибилириумот на скопската урбана култура. Понатамошниот „вештачки“ плилив на население“ само би ја влошила состојбата пред сé во два клучни моменти: зголемување на процентот на невработеност на работно способното население и второ создавање на дполнителен проблем со аеро загадувањето на градот.

**Јавното мислење и миграционите процеси**

Перцепцијата за миграционите процеси во постмодерното општество ќе се обидам да ја доловам низ анализа на добиените резултати од спроведеното истражување за феноменот мигрција и имиграциони движења, како на локално така и на глобално ниво. Современите миграции во постмодерното општество ќе ги согледаме од повеќе нејзини аспекти, но на почеток го интегрирам јавното мислење на анкетираните од Скопје за внатрешните миграциони процеси.

| Социо-економските причини за главаниот мотив за мигирирање во Скопје. | Изразано во проценти |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 48 |
| Се согласувам | 32.7 |
| Немам мислење | 0.7 |
| Не се согласувам | 4 |
| Воопшто не се согласувам | 14.6 |
| Вкупно | 100 |

Табела 4 Извор:Емпириско истражување

Согледувајќи го базичниот причинител за миграционите процеси, како фактор кој извршува најинтензивно влијание се економските односно социо-економските мотиви за мигрирање. Во суштина миграцијата кога се одвива во рамки на една држава истата се движи од руралните и помали населени места кон градовите кои претставуваат регионални центри. Најпогодени од дневна и внатрешна миграција се главниот град како и условно поголемите индустриски центри. Базичен причинител за миграцијата, е потребата на поединецот за решавање пред сé на круцијалните проблеми поврзани со личната егзистенција, реализација на своите образованието, здравството и културата. Во системската структура на истражувањето следниот елемент во анализата е ставот на анкетираните кон новите сограѓани.

| Не ми пречи миграцијата на население кон Скопје од другите населени места од Република Македонија. | Изразано во проценти |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 17.3 |
| Се согласувам | 56.3 |
| Немам мислење | 15.0 |
| Не се согласувам | 7.7 |
| Воопшто не се согласувам | 3.7 |
| Вкупно | 100 |

Табела 5 Извор:Емпириско истражување

Внатрешната миграција на населението кон градот Скопје од другите делови на Републиката, не им пречи на 73.6% од анкетираните. 7.7%не се сложуваат со наведениот став, особено кога станува збор за внатрешната миграција село-град додека мал дел од анкетираните се незаинтересирани за миграционите процеси во градот. Во

анализата интересот е насочен и кон прашања сврзани со последиците од процесот на миграција кои настануваат во урбаното општество-градот.

| Миграционите процеси предизвикуваат влошување на социо-економската состојба на постоечкото население во еден град. | Изразано во проценти |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 30.3 |
| Се согласувам | 31.0 |
| Немам мислење | 7.0 |
| Не се согласувам | 31.3 |
| Воопшто не се согласувам | 0.4 |
| Вкупно | 100 |

Табела 6 Извор:Емпириско истражување

Процесот на миграција придонесува, поточно асцелерира влошување на социо-економската состојба на постоечкото население во градот. Вештачкиот прилив на работно способно население, создава дополнителни потешкотии на пазарот на труд, како и зголемување на процентот на невработени во Скопје. Треба да напомнеме дека 30.3% целосно се согласуваат, а 31.0% од анкетираните се согласуваа кои сметаат дека миграционите процеси не предизвикуваат драстично влошување на социо-економската состојба на граѓаните на Скопје.

Едно од најпоставуваните прашања сврзани со постсоцијалистичките градови, е како да се надмине проблемот со пренаселеност речиси на сите Балкански центри. Се почести се размислувањата дека проблемот на пренаселеност може да биде решен со насочување на дел од урбаната инвестиција во градови од внатрешноста, создавајќи така регионални центри, кон кои би се насочила дел од внатрешната миграција. Во оваа насока се движат и размислувањата кај поголемиот дел на анкетирани. 87.6% целосно се согласуваат и се согласуваат дека промовирањето на регионалните центри ќе иницира намалена миграција кон главниот град. Истите би претставувале позитивна кочница за стопирање или поточно забавување на внатрешната миграција. 6.3% од анкетираните не се сложуваат со ваквиот став, додека воопшто не се согласуваат 1.4% од анкетираните.

| Развојот на одредени градови како регионални центри ќе го намали проблемот со мигрирањето кон Скопје. | Изразано во проценти |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 56.3 |
| Се согласувам | 31.3 |
| Немам мислење | 4.7 |
| Не се согласувам | 6.3 |
| Воопшто не се согласувам | 1.4 |
| Вкупно | 100 |

Табела 7 Извор:Емпириско истражување

Составен дел од анкетата, беа и сетот на прашања сврзани со големиот бран на миграција во 2015 година предизвикан од воени жаришта и нарушените еколошки услови за живот виден во т.н „еколошки мигранти“.Во овој контекст ќе ги согледаме и последиците со кои може да се соочи македонското општество од безбедносен, но и поширок аспект.

| Бегалците би ја нарушиле безбедноста во урбаниот простор. | Изразано во проценти |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 30.0 |
| Се согласувам | 39.3 |
| Немам мислење | 11.7 |
| Не се согласувам | 15.7 |
| Воопшто не се согласувам | 3.3 |
| Вкупно | 100 |

Табела 8 Извор:Емпириско истражување

Македонските граѓани се солидно запознати со причините за појава на мигрантската криза детектирана во периодот 2015/2016 година. Истите се изненадени од сликата на неподготвеноста на Европската унија, која се одрази токму на земјите кои се користат само како транзит зони. Македонијиа условно кажано имаше искуство за прифаќање на поголем наплив на бегалци ако се потсетиме на Косовската криза на крајот на деведесетите години на минатиот век, така што за кус период успешно се интегрираа сите државни институции, дел од невладиниот сектор како и хуманитарни организации, посебно акцентирајќи ја несебичната улога на Црвениот крст на Р Македонија. Односот кон мултикултурноста на македонскиот народ само помогна на планот на прифаќање на мигрантите, при што единствен проблем разбирливо се појави во јазичната комуникација.

Најголемиот број од анкетираните, поточно 69.3% сметаат дека секој поголем бегалски бран, реално може да придонесе за нарушување на безбедноста, особено на помалите држави. 19% од анкетираните не се согласуваат и воопшто не се согласуваат со ставот дека мигрантите би можеле видно да ја нарушат безбедносната состојба, знаејќи дека истите само транзитираат низ нашата земја. Несомнено соочувањето со една ваква криза би значело дополнително влошување на целокупната општествено, економска и политичка состојба, која најмногу би се одразира на економската состојба и осиромашување на граѓаните. Во оваа рамка се наоѓаат и ставовите на анкетираните, кои се согласуваат со тоа дека бегалската криза и мигрантите би претставувале сериозен социо-економски проблем за земјата домаќин.

| Бегалците би претставувале сериозен социо-економски проблем за земјата домаќин. | Изразано во проценти |
|---|---|
| Целосно се согласувам | 57.2 |
| Се согласувам | 26.0 |
| Немам мислење | 2.7 |
| Не се согласувам | 9.0 |
| Воопшто не се согласувам | 5.1 |
| Вкупно | 100 |

Табела 9 Извор:Емпириско истражување

**Градот и екологијата (загадувањето)**

Општествената еволуција придонесе за раст и напредок на општеството, ја поттикна економската, стопанската и еволуцијата на урбаниот простор. Развојот на општеството е олицетворение на современата форма на процесот на глобализација и секако победа на посмодерното општество, чии последици на сопствена кожа ги чувствува токму природата, нашата животнота средина, поразена токму од нас самите. Долг временски период заслепени од брзиот економски развој не се обрнуваше внимание на загадувањето и деструирањето на природата, која без било какво заобиколување постана жртва на либералниот капитализам и невиденото потрошувачко урбано општество. За сочувување на рамнотежата во урбаното општество потребно е да се пронајде своевиден компромис помеѓу човековите потреби и окружувањето(околината) односно природата достигнувајќи го овој општествен „идеал" преку концептот на ноосферата. Во оваа смисла Која дава јасна перцепција на конекцијата помеѓу општество и природа, концепт кој се базира на свесното и одговорно однесување на човековата индивидуа кон окружувањето.
„Со ноосфера се означува единството, заемното дејство на природата и општеството, во чија основа лежи општеството, односно свесната човекова дејност како доминирачки фактор[8]".

Како резултат на урбано социолошките истражувања реализирани од страна на нас урбаните социолози, се наметнува потребата и од афирмирање на еколошката компонента на урбаната средина комплетирајќи го функционалниот систем на градовите. Како соодветно решение за еколошките проблеми во урбаната средина е концептот на одржив развој односно еволуција на градовите во рамки на потребите на човековата индивидуа но внимавајќи притоа за животната средина.
„Концептот на еколошки град (како концепт на одржлив град, концепт кој не се однесува на сегашните туку на идните градови кои би се граделе, во кои е издвоена индустриската зона од деловната зона, и во кои би дошло до израз помалото одвојување на работното место во услужните дејности од местото на живеење; градот би бил поделен на квартови, квартовите на стамбени зони и соседства)[9]".

Зафатени од влијанието на процесот на глобализација пост-социјалистичките градови потпаѓаат под тенденциите за стихиен развој, концепт сосема спротивен од сериозните урбани и плански решнија. развојот на градот не треба да се посматра низ призмата на краткорочни и евтини економски решенија, кои пред се го задоволуваат егото на поединци кои не мислат на развој на градот како долгорочно решение, кое ќе биде лајт мотив за ангажирање на генерациите што следат. Современиот град треба да поседува долгорочна стретегија за развојот на градот како во физичкиот простор така и во поглед на демографскиот раст и низа стратегии во контекст на заштита на животната средина. она што е најзначајно за одрживиот развој на градот е дека здравата економија но и здравото градско окружување се подеднакво важни за здравото општество кое треба да остане и по нас.
„Одрживте градски населби, односно одрживиот град, треба да има одговорен однос кон природата, природното окружување и природните ресурси, како и одговорен однос

[8] Марковић,Д.,*Социјална екологија,*Завод sa Уџбенике,Београд,2015,стр 50.
[9] Kovačević i dr.*Operacija:Grad-Priručnik za život u neoliberalnoj stvarnosti*,Zagreb,2008,str 184.

кон материјалните, културните, духовните и културни обрасци на производство, создавање, развивање и одвивање на животот во градот.Концептот одржив град е концепт на унапреден квалитет на живот во градот и неговото опкружување[10]".

Миграцијата на населението е еден од главните непријатели на стратегиите на урбаниот развој на градот, пред сé кога станува збор за економска и внатрешна миграција. Таа е фактор кој влијае на стихијниот пораст на градот, кој од друга страна може да доведе до еколошки проблеми во урбаната средина. Најдобар и најсоодветен модел за еволуција на градовите е полицентричниот модел на развој на град, кој би придонел за намалување на миграцијата на населението на економска основа.

„Во современите општества, заедно со наглиот и силен развој на производствените сили и нивното неконтролирано користење во присвојување на природата, доаѓа до нарушување на еколошката рамнотежа која добива карактер на еколошка криза т.е. загаденост на животната средина така што се загрозува опстанокот на живите битија, па и на човекот .[11]".

Од еколошка гледна точка порастот на населението како резултат на доселување носи и нови проблеми, во смисла колку повеќе луѓе на даден простор, толку е зголемена можноста за поголемо загадувањето. Миграцијата дополнително отвора проблем за изградба на населби, поврзани со постојана сообраќајна инфраструктура односно загадување кое доаѓа од сообраќајот. поголем број на население, значи поголема количина на отпад (смет), зголемено ниво на потрошувачка на вода и слично. Поголемите градови кои претставуваат мигрантски магнет, во иднина секако ќе се соочат со проблеми со водоснабдување, особено на питка вода.

Соодветните сообраќајни решенија во еден град би биле решение за еден дел од еколошките проблеми со кој се соочува. Градот ќе ја зачува својата функционалност доколку работи на еволуцијата на неговите постоечки граници, придржувајќи се притоа врз постулатите на џентрификација и одржив развој, а за намалувањето на енормните загадувања конечно треба да се надмине концептот на едни минати времиња од социјализмот, што би значело сериозни размислувања за дислокација на индустриски објекти кои не се придржуваат на препишаните еко стандарди.

**Масовните медиуми и процесот на миграција**

Масовните медиуми се од непроценливо општественото значење за креирање на перцепција за случувањата во една средина. Медиумската политика го има клучниот збор при отстапување на медиумскиот простор за одредени теми. ,,Круцијалноста на медиумите можеме да ја согледаме преку одредувањето на општествено актуелни теми кои го привлекуваат вниманието на пошироката јавност. Во општества во која има строга контрола на медиумите препознатливи по нивното цензурирање зборуваме за општества со не демократски режими. Базична карактеристика на масовните

[10] Kovačević i dr.*Operacija:Grad-Priručnik za život u neoliberalnoj stvarnosti*,Zagreb,2008,str 185.
[11] Марковић,Д.,*Социјална екологија,*Завод sa Уџбенике,Београд,2015,стр 50.

традиционални како и современи медиуми е креирањето на сопствената програма во склад со интересите на таргетираната публика“[12].

Поради веќе споменатото општестевно значење на медиумите анализата ќе ја надограм и преку видувањето на процеот на миграција од призма на дневниот печат „Дневник“, во контекст колку истиот отстапил простор за теми сврзани со бегалската криза во временскиот период 2015-2016.

| Месец | Текстови за Македонија | | Текстови кои се однесуваат за странство | | Насловни страни | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 | 2015 | 2016 |
| Јануари | 4 | 19 | 3 | 16 | 3 | 11 | 7 | 35 |
| Февруари | 5 | 21 | 7 | 24 | 5 | 23 | 12 | 35 |
| Март | 7 | 23 | 8 | 27 | 5 | 26 | 15 | 50 |
| Април | 4 | 14 | 9 | 19 | 4 | 22 | 13 | 33 |
| Мај | 9 | 11 | 11 | 14 | 8 | 17 | 20 | 25 |
| Јуни | 11 | 12 | 14 | 19 | 9 | 14 | 25 | 31 |
| Јули | 23 | 9 | 28 | 14 | 22 | 8 | 51 | 23 |
| Август | 29 | 11 | 43 | 19 | 28 | 14 | 72 | 30 |
| Септември | 33 | 13 | 48 | 21 | 24 | 15 | 81 | 34 |
| Октомври | 13 | 9 | 18 | 14 | 14 | 12 | 31 | 23 |
| Ноември | 17 | 5 | 23 | 17 | 21 | 9 | 40 | 22 |
| Декември | 7 | 8 | 11 | 13 | 9 | 10 | 18 | 21 |
| Вкупно | 162 | 155 | 223 | 217 | 152 | 181 | 385 | 362 |

Табела 9 :Податоци анализа на содржина

Македонските печатени медиуми во истражуваниот период објективно известуваа за настаните сврзани со мигрантската криза, целосно придржувајќи се на начелата на новинарската етика и благовременото и точно информирање. анализирајќи ја содржината на оваа тема забележливо е дека содржина присутна со теми на миграција има речиси секојдневно. притоа преовладуваат неколку теми како од локален така и од глобален интерес: следење на бројот на мигранти на грчко-македонската граница; сместување и транспортирање на истите до граница со Србија; односот на земјите членки на Еу кон мигрантската криза; текстови за градење на одбранбени ѕидови за заштита од мигрантскиот наплив, текстови за закана на ИСИС, како и активности кои ги преземаЕу за надминување на кризата со бегалците. не изостануваат и текстови во кои се укажува за националистичи и ксенофобични испади на групи, чии земји широко ја имаат отворено вратата за прием на бегалци, баратели на азил. За попластично да ја доловам сликата на текстовите сврзани со бегалската криза и миграција, ќе повикам сано на неколку покарактеритични наслови: 8000 Сирijци во Минхен извикуваа „Данке Дојчланд“-7.8.2015 година; Сириец стигнал до Србија со пропусница на ИД;20.10.2015;

[12] Стефановски,Д., *Улогата на масовните медиуми и модерната комуникација врз индивидуата . Зборник на трудови: Петта меѓународна научна конференција „Науката – подршка на развојот во Југоисточна Европа“*,2017,стр22.

Азилот и мигрантската криза централна теме во Данска во предизборната кампања.15.6.2015; ИД е култ на смртта со глобални амбиции;12.06.2015;Се повеќе сириjски бегалци во Шведска брзо наоѓаат работа 15.6.2015; хаосот со бегалците го донесе Орбан на врвот на популарност 28.9.2015; муслиманите ќе ја освојат европа со религија и многудетност.11.11.2015; најмалку 13 загинати во судар на брод со мигранти 21.9.2015; Грција не полни со мигранти, а Србија и Унгарија ни ги враќа. 24.06.2015;УНХЦР прогласи криза, поготвува шатори за Македонија 2.7.2015; Од косово секој месец емигрира по едно градче.3.2.2015; манифест на ИСИС девојчиња да се мажат на 9 години и Полицијскиот кордон во Словенија падна пред бегалците кои тргнаа кон Австрија. 22.10 2015година. не сакам да останам во Македонија, целта ми е Германија.17.6 2015.

Согледувајќи ги текстовите кои се однесуваат за мигрантите во Република Македонија, се бележ приближно ист број на текстови во двете анализирани години. Истата констатација се однесува и на текстовите кои се наменети за состојбата со мигрантите и мигрантската криза во останатите земји.Разликата на број на текстови е незначителна.

**Заклучок**

Општеството од својот постанок се соочува со миграциони движења. Во трудот се истражуваат како внатрешните миграциони движења во поедини региони, така и проблемите со кои Европската унија се соочи во периодот на мигрантската криза од 2015 година. Процесот на миграција и неконтролираниот раст на градовите предизвикаа серија од еколошки проблеми во животната средина. Главна жртва на миграционите процеси се глобалните градови и регионалните центри Проблемот на миграција веќе неколку години се третира како еден од клучните светски проблеми. Секојдневно сме сведоци на видливи промени на временските услови, последица на промена на климата, глобалното затоплување и слично, што од своја страна доведува до топење на глечерите кои пак се рефлектираат на човекот. Во оваа смисла падот на земјоделското производство логично доведува до недостиг на храна, зголемена инциденца на заразни болести. Сето наведено, кај поединецот ја поттикнува идеата за миграција како негово трајно решение.

Светот се почесто ќе се соочува со категорија на бегалци кои поради нарушената природна рамнотежа ја изгубиле можноста да опстанат на своето живеалиште. Најголем број од мигрантите бегаат од ужасот на војната, а на својот пат кон крајната дестинација се соочуваат со низа страдања, омаловажувања и трауми. За многу мигранти од Азија и Африка, Европа е примамлив континент, со слика која буди чувство на сигурност. Видливо е дека Еу особено во 2015 година се покажа како неподготвена за справување на бегалкиот бран кој уште повеќе се усложни со терористичките напади токму во земји кои широко ги имаа отворено вратите за своето гостопримство. Факт е дека проблемот со бегалци покажа неединственот пред сé на земјите од Еу, поточно немањето на консензуален став кон истите. Додека едни широко ги отворија вратите, како Германија и Шведска, други градеа ѕидови меѓу држави, за кое се сметаше дека се оставени во историското минато. Медиумите позитивно ја одиграа улогата во контекст, на побрзо изнаоѓање на решение за сериозниот проблем на бегалската криза.Од емпириските истражувања се доаѓа до заклучок дека граѓаните на Македонија солидно се запознати со состојбите на Блискиот исток и завојуваните региони и гаат симпатии за позитивно

решение на миграционата криза, што ќе им овозможи на мигрантите пристигнување во саканите дестинации.

## БИБЛИОГРАФИЈА и интернет ресурси


http://www.stat.gov.mk/

https://ec.europa.eu/eurostat

Kovačević i dr.*Operacija:Grad-Priručnik za život u neoliberalnoj stvarnosti*,Zagreb,2008.

Lehmann,J.*What t's After the "Crisis"? Scenarios for EU refugee policy post-2016.* Global Public Policy Institute, Berlin,2016.

Pajvančić Cizelj,A. *Globalni Urbani Procesi stanja,koncepti I alternative,* Mediterran Publishing,Novi Sad,2017.

Parsons,T. *The Social System,*The Free Press,New York,1964.

Pušić,Lj.*Sociologija okruženja*.Mediterran Publishing,Novi Sad,2014.

Shryock,H; Siegel,J., *The Methods and Materials of Demography: Population Distribution, Migration and Development,* United Nations, New York, vol. 2,1973.

Tošković,D.*Urbana Sredina i urbanizacija zemje u razvoju,*Akademska Misao,Beograd,2006.

van Ballegooij,W;Navarra,C. *Cost of non-Europe report in the area of asylum policy* ,European Union, Brussels,2018.

Марковић,Д.,*Социјална екологија,*Завод sa Уџбенике,Београд,2015.

Стефановски,Д., *Улогата на масовните медиуми и модерната комуникација врз индивидуата* . ***ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ:*** *Петта меѓународна научна конференција „Науката – подршка на развојот во Југоисточна Европа“*,2017,стр22-30.